20111513287

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за одбрана,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 октомври 2011 година.

Бр. 07-4445/1
26 октомври 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/11), во членот 62-ѓ став 2 зборовите: „комисијата за решавање во управна постапка од втор степен од областа на одбраната“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Во членот 77 став 2 зборовите: „второстепената комисија од членот 62-ѓ став 2 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.